**ГРАД СКОПЈЕ**

**Предлагач: Градоначалник на Град Скопје**

**Изготвувач: Сектор за заштита на животната средина**

**Претставник: Раководител на Сектор**
**Соња Цветковиќ Чолакова**

**Повереник: Никола Јовановски,**
**Помошник раководител на**
**Секторот**

**Предлог – План за Енергетска ефикасност на Град Скопје за 2022 година**

Скопје, март 2022 година

Предлог:

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02) и член 7, став 6 од Законот за енергетска ефикасност (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 110/21“), Советот на Град Скопје, на својата ____-та седница,одржана на ___________ година, донесе

ПЛАН

за Енергетска ефикасност на Град Скопје за 2022 година

## I. ЦЕЛ НА ПЛАНОТ

Главна цел на Планот за енергетска ефикасност на Град Скопје за 2022 година, е постигнување повисок степен на решавање на состојбите во областа на енергетската ефикасност, а со тоа подобрување на состојбата во сферата на животната средина, заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на живот.

## II. ПРАВНИ ОСНОВИ

Планот за енергетска ефикасност на Град Скопје за 2022 година ги содржи основните содржини кои се законска обврска од Законот за енергетска ефикасност, со посебно внимание на мерките кои се предвидени во Националниот акционен план за енергетска ефикасност. Се однесува на мерки и политики, кои се во надлежност на Град Скопје.

Реализацијата на предвидените мерки за енергетска ефикасност треба да се спроведат според предложениот план, односно, треба да се усогласат со приливот на финансиски средства и временските услови.

Планот за енергетска ефикасност на Град Скопје за 2022 година претставува точно дефиниран број и вид на активности, кои треба да ги превземе Град Скопје во текот на 2022 година, а е усогласен со:

- Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030г.
- Акционен План за енергетска ефикасност на Република Македонија
- Националната стратегија за одржлив развој (НСОР)

## **III. ПРЕДМЕТ НА ПЛАНОТ**

Со овој План се уредува намената на средствата и активностите во областа на енергетската ефикасност за 2022 година, кои се од јавен интерес. Градот Скопје од својот Буџет за 2022 година е должен да планира соодветни активности и да обезбеди финансиски средства за таа цел.

Со овој План се дефинираат конкретни проекти, потребата од нивно реализирање, целите кои ќе се постигнат и потребните финасиски средства за таа намена.

## **IV.ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ**

Со Планот се предвидени активности кои Град Скопје ќе ги реализира во насока на:

- препорачани мерки и активности кои треба да се остварат (оптимален избор на мерки и објекти во зависност од нивото на инвестирање);

- ниво на нивна усогласеност со Националниот акционен план за енергетска ефикасност,
- динамиката на реализација на мерките за енергетска ефикасност;
- предвиден временски период за спроведување на активностите;
- висина на потребни инвестициски средства за реализација на предвидениот план,
- извори на потребни финансиски средства и
- организациска поставеност, определување на одговорни служби и личности за реализација на предвидените мерки и активности.

Средствата за финансирање на Планот за енергетска ефикасност на Град Скопје за 2022 година, се утврдуваат во износ од 3.600.000,00 (тримилиониишестотиниилјади) денари и се обезбедуваат од Буџетот на Град Скопје за 2022 година за:

1. **Претставување на Град Скопје пред граѓаните и промоција на енергетска ефикасност.**

**Цел:** Подигнување на јавната свест кај граѓаните за енергетска ефикасност.

**Образложение:** Заштедата на енергија преку спроведувањето на мерките кои вклучуваат подигање на свеста и едукација на разни целни групи на граѓани. Според искуствата на европските градови, со спроведувањето на оваа мерка, може да се очекува намалување на потрошувачката на електрична и топлинска енергија кај граѓаните до 4% годишно.

**Активности:**

-Информирање и едукација на грѓаните за начинот за штедење на енергија,

-Спроведување на тематски информативни кампањи за подигање на свеста на граѓаните,

**Потребни финасиски средства:**

- 300.000,00 денари, предвидени од Буџет на Град Скопје за 2022 година.

**Рок на реализација:**

- Месец: Септември / Октомври 2022 година

2. **Изработка на основен проект со ревизија и поставување на фотоволтаична централа со моќност до 20 KW на објект кој е под надлежност на Град Скопје**

**Цел:**

- Намалување на трошоците за електрична енергија на објекти под надлежност на Град Скопје,
- Примена на обновливи извори на енергија.

**Образложение:**

Со изработката на основен проект со ревизија и изведба на истиот, се предвидува и употреба на обновлив извор на енергија со кое потрошувачката на електрична енергија, купена од снабдувачот за електрична енергија ќе се намали или средствата предвидени за купување на електрична енергија ќе се намалат.

**Активности:**

- Одредување на форма и критериуми за спроведување на барање за доделување на договор за јавна набавка,
- Спроведување на договор за јавна набавка (изработка на основен проект, ревизија на проектот и изведба на основниот проект),

**Потребни финансиски средства:**

- 1.000.000,00 денари, предвидени со Буџет на Град Скопје за 2022 година.

**Рок на реализација:**

**Месец:** Август / Септември 2022 година

3. **Замена и поставување на енергетски ефикасно ЛЕД осветлување на објект под надлежност на Град Скопје**

**Цел:**
- Намалување на трошоците за електрична енергија на објекти под надлежност на Град Скопје,
- Примена на енергетски ефикасно осветлување

**Образложение:**

Со изведбата на енергетски ефикасно осветлување се предвидува заштеда на финансиски средства на објектот под надлежност на Град Скопје, намалување на потрошувачката на електрична енергија, купена од снабдувачот за електрична енергија.

**Активности:**
- Одредување на форма и критериуми за спроведување на барање за доделување на договор за јавна набавка,
- Спроведување на договор за јавна набавка

**Потребни финансиски средства:**
- 800.000,00 денари, предвидени со Буџет на Град Скопје за 2022 година.

**Рок на реализација:**
- **Месец:** Август / Септември 2022 година

4. **Кофинансирање на активности на SECAP**

**Цел: К**офинансирање на иновативни проекти или стратешки документи потребни на Град Скопје од областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите енергетски извори на енергија.

**Образложение:** Преку кофинансирање на иновативни проекти од областа на енергетиката, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија ќе се обезбеди подобрување на квалитетот на животот на граѓаните, намалување на увозот на енергија и заштита на животната средина. Со изготвување на стратешки документи на Град Скопје поврзани со енергетиката, енергетската ефикасност и обновливи извори на енергија се добиваат мерки и активности кои преку нивна имплементација, ќе допринесат до остварување на целта за намалување на потрошувачката на енергија во Скопје, а со тоа и намалување на емисиите на $CO_2$, $PM_{2.5}$ и $PM_{10}$.

**Активности:**

-Одредување на форма и критериуми за користење на средства

-Спроведување на постапка за користење на средства

- Користење на финансиски средства

**Потребни финасиски средства:**

- 1.500.000,00 денари, предвидени со Буџет на Град Скопје за 2022 година.

**Рок на реализација:**

- Месец: Април / Декември 2022 година.

**V.Останати активности**

- Подигање на свеста на корисниците во објектите кои се во сопственост на Град Скопје за намалување на потрошувачката на енергија.
- Едукација и обука на учениците од средношколската возраст преку примена на мерки за енергетска ефикасност

- Оснавна активност на Инфо-центарот за енергетска ефикасност како составен дел на Одделението за енергетика, енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија е да дава совети и информации на граѓаните, како преку примена на мерки за енергетска ефикасност да ја намалат потрошувачката на енергија
- Соработка и учество на домашни и меѓународни проекти од областа на енергетска ефикасност.
- Собирање, контрола и анализа на податоци за потрошувачка на енергија за објектите во сопственост на Град Скопје.

**VI. Извршител на Планот**

Надлежен за спроведување на овој План е Градоначалник на Град Скопје.

**VII.Завршни одредби**

Овој План влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Град Скопје“.

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

Број 27 –

ПРЕТСЕДАТЕЛ

__________ 2022 година

Трајко Славески

С к о п ј е

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Овој план се предлага врз основа на членот 36 од Законот за локалната самоуправа, каде е утврдена надлежноста на Советот на Градот Скопје, и согласно член 7 став 6 од Законот за енергетска ефикасност (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 110/21“).

Нашата држава во иднина се повеќе ќе биде зависна од увозот на енергија како резултат на ограничените извори на комерцијални енергетски резерви. Оваа зависност може да се ублажи со превземање на мерки во областа на енергетска ефикасност, со цел да и се помогне на домашната економија преку намалување на трошоците поврзани со увозот на енергија чија цена на светскиот пазар е со растечка тенденција, а со тоа би се продолжило траењето на домашните енергетски резерви. Од анализата на податоците при изработка на овој План за Енергетска ефикасност (ЕЕ), детерминирани се причините за нерационално

искористување на енергијата, од кои како најзначајни би ги издвоиле: недоволна и слаба изолација на објектите, нередовно оддржување на енергетските системи во објектите, голема потрошувачка на електрична енергија, неефикасно осветлување, високите нереални сметки за објектите кои се загреваат на централното греење во Град Скопје, како и навиките за нерационалното трошење на енергија од страна на корисниците.

Финансиски средства кои се потребни за спроведување на овој План се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2022 година.

Врз основа на наведеното се предлага Советот на Град Скопје да го донесе предложениот План за енергетска ефикасност на Град Скопје за 2022 година.